РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1826/4
05-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-1826/1 од 27.06.2025 година, со наводи против лицето -------- ---------- В.Д. градоначалник на општина ----------- за сомневање за узурпација и изведување на градежни работи на земјиште сопственост на Република Северна Македонија евидентирано на ---- ------- --- --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1826/1 од 27.06.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 27.06.2025 година, доставена е пријава, по која е оформен предмет број 12-1826/1 од 27.06.2025 година, со наводи против лицето -------- ---------- В.Д. градоначалник на општина ------------, поради сомневање дека пријавеното лице постапило спротивно на Законот за градење и допуштило узурпација и изведување на градежни работи на земјиште сопственост на Република Северна Македонија евидентирано на градежна парцела ---- ------- --- --------. Во пријавата се известува дека за наведените градежни активности општината немала обезбедено корисничко право и истите биле реализирани без основен проект и одобрение за градба.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до општина ----------, за произнесување со достава на прилог документација. во однос на градежните активности изведени на градежната парцела ---- ------- --- --------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во доставениот одговор, општина ----------- извести дека Општината нема направено узурпација на државно земјиште туку дека градежните активности на посочената катастарска парцела биле реализирани од Општината во насока на расчистување на дива депонија без да се навлегува во соседната парцела, а истите биле спроведени во рамките на границите на Деталниот урбанистички план сопственост на Општината. Кон известувањето, доставен е и прилог доказ - фотогафија направена на предметното земјиште кое е предмет на оваа пријава, а од која се гледа дека станува збор за земјиште кое е само порамнето но не е асфалтирано и на кое не е изграден никаков објект.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека не се потврдуваат пријавените наводи за узурпација на државно земјиште, по што оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р. С.Д член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk